РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1160/2
17-06-2024 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница, продолжение одржано на ден 12.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена со број 12-1160/1 од 19.03.2024 година, со нејасни и неразбирливи наводи, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-1160/1 од 19.03.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител на ден 15.04.2024 година, доставена е пријава заведена со број 12-1160/1, во која се посочува физичко лице вработен во една јавна установа, кое наводно преку злоупотреба на својата службена положба и овластување овозможувал преиначување на факти против негови роднини кои вршеле демнење, хулиганство и други слични наводи.

ДКСК внимателно ја разгледа доставената пријава но, не успеа да издвои конкретни и јасни податоци, преку кои би се препознало незаконско постапување на службени лица и би преземала дејствија од своја надлежност.

Оттаму, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување за овој случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата